

# ВОДИЧ ЗА
# Е-БЕЗБЕДНОСТ
## ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

**ЗА НАСТАВНИЦИ, ДЕЦА И РОДИТЕЛИ**

Република Северна Македонија
Министерство за дигитална трансформација

Co-funded by the European Union

MK SafeNet

www.mksafenet.mk

**Содржина**


Дефиниции на клучни поими ..... 3

Вовед ..... 5

Како секој може да придонесе во училиштето? ..... 6

Препораки за користење на дигитални уреди во училиштето ..... 8

Како реагираме кога ќе се појави проблем во дигиталната средина? ..... 10

Насоки за поддршка при дигитални инциденти ..... 12

Улогата на наставничкиот кадар во обезбедувањето на дигитална безбедност ..... 15

Информирање и соработка со пошироката училишна заедница ..... 18

Информирање на учениците за е-безбедноста ..... 18

Мониторинг, евалуација и усогласување на Водичот ..... 20

ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ НА РОДИТЕЛ/СТАРАТЕЛ ЗА ФОТОГРАФИРАЊЕ И ВИДЕО СНИМАЊЕ ..... 21

## Дефиниции на клучни поими

| Термин | Објаснување |
|---|---|
| **Е-безбедност** | Практики и правила за безбедно користење на интернет и дигитални технологии во образовниот процес. |
| **ИКТ (Информациско-комуникациски технологии)** | Технологии кои овозможуваат комуникација и пристап до информации преку дигитални уреди (компјутери, таблети, смартфони, интернет и сл.). |
| **Сајбер-насилство** | Насилно или вознемирувачко однесување преку интернет, како навреди, закани или ширење на лажни информации со цел да се повреди друго лице. |
| **Груминг (Grooming)** | Онлајн манипулација од страна на возрасно лице за стекнување доверба кај дете или младо лице, со намера за понатамошно вклучување во несоодветни или незаконски активности. |
| **Секстинг (Sexting)** | Испраќање или примање експлицитни (сексуално содржини) фотографии или пораки преку дигитални уреди. |
| **Плагијат** | Копирање или користење туѓи содржини без дозвола или без наведување на изворот и авторот (присвојување туѓ труд како свој). |
| **Creative Commons лиценца** | Тип на лиценца која дозволува користење на авторски материјали под одредени услови (на пример, некомерцијално користење, споделување под исти услови и слично). |
| **Дигитално граѓанство** | Одговорно, етичко и безбедно користење на дигиталните технологии и интернетот. Подразбира свесност за сопственото онлајн однесување, почитување на другите корисници, заштита на личните податоци, критичко размислување при користење на дигитални содржини, како и промовирање на позитивна комуникација онлајн. |
| **Филтрирање на интернет содржини** | Технички процес за блокирање пристап до несоодветни или опасни веб-страници преку мрежни филтри (системи за заштита на содржини). |
| **Антивирусна програма** | Софтвер кој го штити компјутерот од компјутерски вируси, малициозни програми и други безбедносни закани, преку нивно откривање, блокирање и отстранување. |
| **Parental Control (родителска контрола)** | Алатки или поставки што ги користат родителите за да го ограничат пристапот на децата до одредени |

| | |
|---|---|
| | интернет содржини или функции (на пр. филтри за веб-страници, временски ограничувања). |
| **Електронски дневник** | Дигитална платформа за следење на успехот на учениците и за комуникација помеѓу наставниците и родителите (вклучува увид во оценки, изостаноци, домашни задачи и сл.). |
| **Веб-администратор** | Лице (наставник или стручен соработник) одговорно за одржување и ажурирање на веб-страницата на училиштето, како и за техничките аспекти на училишната ИКТ-инфраструктура. |
| **Инклузивна наставна средина** | Настава која ги вклучува сите ученици, без разлика на нивните способности или посебни образовни потреби, прилагодувајќи ги методите и алатките за секој ученик. |
| **BYOD (Bring Your Own Device)** | Практика учениците (или вработените) да донесуваат и користат сопствени дигитални уреди во училиште за наставни цели, наместо да користат училишна опрема. Во основно образование, ова е ограничено и предмет на строги правила во одредени случаи. |
| **Координатор за е-безбедност** | Лице назначено од училиштето (на пр. педагог, психолог или наставник) чија улога е да ги координира активностите за дигитална/е-безбедност, да служи како контакт точка за инциденти. |

www.mksafenet.mk

## Вовед

Во денешниот брзо променлив свет, децата растат опкружени со интернетот и дигиталните уреди. Технологијата стана составен дел од нивното секојдневие, односно се користи за време на часовите во училиште, помага при изработката на домашните задачи, а присутна е и за време на игра и дружење.

Од училницата, каде што компјутерите и таблетите го надополнуваат традиционалното учење, па сѐ до домот, каде интернетот служи за истражување и забава, дигиталните алатки им овозможуваат на младите да учат, истражуваат и комуницираат со светот на начин кој претходните генерации не можеле ни да го замислат. Во слободното време, многу деца се дружат со своите пријатели преку социјалните мрежи или пак играат онлајн игри, што покажува колку длабоко е интегрирана дигиталната комуникација во нивните животи.

Секако, ваквата реалност носи и предизвици, но ние веруваме дека пред сѐ таа претставува прекрасна можност за раст и учење. Токму затоа, училиштата можат да одиграат клучна улога во поттикнувањето на позитивни дигитални навики кај учениците. Со здружени напори помеѓу училиштето и семејството, можеме да создадеме безбедна и поддржувачка средина која го збогатува образованието и го подобрува искуството на децата при користењето на интернетот и дигиталните алатки.

За таа цел, овој документ нуди насоки и препораки за тоа како заедно, во училиштето и дома или во кругот на семејството да ги искористиме придобивките од дигиталните алатки, а притоа да ги научиме децата како да се заштитат од можните ризици, како што се сајбер-насилството или нарушувањето на приватноста. Нашата заедничка цел е да ги искористиме сите предности што ги нуди дигиталната ера за развој на нашите деца, истовремено сведувајќи ги опасностите на минимум, за да можат безбедно да истражуваат и учат онлајн.

## Како секој може да придонесе во училиштето?

За да создадеме безбедна дигитална средина, неопходна е соработката на сите членови на училишната заедница. Во рамките на училиштето, секој има своја улога и одговорности за да се постигне оваа цел.

**Училишниот директор** ја има една од клучните улоги во овој процес. Тој обезбедува услови и дава поддршка за спроведување на сите препораки поврзани со дигиталната безбедност. Исто така, директорот може да назначи **координатор за е-безбедност** и пружа поддршка при решавањето на посложени ситуации доколку тие се појават.

**Координаторот за е-безбедност**, улога што најчесто би ја извршувал педагогот или психологот во училиштето, е лице од доверба за учениците, наставниците и родителите. Координаторот помага во координирањето на превентивните активности (на пример, организирање работилници) и служи како главна точка за контакт доколку се појави некаков дигитален инцидент. На тој начин, училиштето обезбедува навремен и координиран одговор на потенцијалните проблеми, како и проактивно спречување на несакани случувања во дигиталниот простор.

**Педагогот и/или психологот** во училиштето се исто така клучни партнери во одржувањето на безбедна дигитална средина. Тие им нудат стручна поддршка на учениците, и на оние кои биле вознемирени, и на оние кои можеби вознемирувале други. Покрај директната помош, тие учествуваат и во едукацијата на учениците за дигитално граѓанство и етичко однесување во онлајн светот. Нивната стручност помага кај младите да се развие свест за последиците од нивното онлајн однесување и значењето на почитта и емпатијата во дигиталната комуникација.

**Веб администраторот (ИТ лице)** е задолжено за техничките аспекти на безбедноста. Ова лице се грижи за училишната веб-страница, обезбедува инсталација и редовно ажурирање на антивирусните програми и филтрите за интернет содржини, како и за безбедноста на целокупната училишна компјутерска мрежа. Преку одржување на стабилна и безбедна технолошка инфраструктура, ова стручно лице превенира многу ризици и овозможува учениците и наставниците сигурно да ги користат дигиталните алатки во секојдневното работење.

**Наставниците и стручните соработници** се клучни носители на овие практики во секојдневната работа со учениците. Тие секојдневно ги насочуваат учениците кон безбедно и одговорно користење на технологијата. Покрај тоа, со сопствениот пример служат како позитивен модел за однесување во дигиталниот простор. Наставниците се и првата линија на поддршка: учениците најпрво ним им се обраќаат доколку

забележат нешто несоодветно на интернет или при користењето на дигиталните алатки. Преку отворени дискусии и интегрирање на темите за онлајн безбедност во наставата, тие градат атмосфера на доверба во која учениците се чувствуваат слободни да побараат помош кога ќе се соочат со проблем.

На крај, создавањето безбедна дигитална средина е заедничка одговорност на целата училишна заедница. Кога сите погоре наведени, од директорот и стручните служби, па до наставниците, се дејствува усогласено, а и родителите активно се вклучени во процесот, учениците добиваат континуирана поддршка како во училиштето така и дома. Ваквата сеопфатна соработка создава мрежа на безбедност, која им овозможува на децата слободно и сигурно да го истражуваат и користат интернетот, истовремено учејќи да бидат одговорни и внимателни дигитални граѓани.

## Препораки за користење на дигитални уреди во училиштето

Во современото образовно опкружување, дигиталните уреди имаат значајна улога во поттикнување на учењето, креативноста и комуникацијата. Нашата основна цел е технологијата да се користи **исклучиво за образовни цели**, со јасни правила и поддршка од наставниот кадар.

- ✓ **Поттикнување на користењето на дигитални уреди за образовна употреба**

Ги охрабруваме учениците да истражуваат, учат и создаваат со помош на технологијата, но секогаш под **менторство на наставниците**. Уредите треба да бидат алатка за учење, а не извор на дефокусирање и невнимание.

- ✓ **Фокус за време на часовите – употреба на лични уреди**

За да се одржи концентрацијата и да се намали невниманието, **личните уреди** (мобилни телефони, паметни часовници, таблети) **не треба да се користат за приватни цели** за време на наставата. Наставниците можат да дозволат употреба само кога тоа е дел од активностите на часот.

- ✓ **„Паркинг“ за телефони**

Многу наставници применуваат практика на оставање на мобилните телефони на одредено место - на пример, во **посебна кутија, шкафче или организатор во училницата** - пред почетокот на часот. Ова им помага на учениците да се фокусираат на наставата и да развијат самодисциплина.

- ✓ **Користење на училишна опрема**

За потребите на наставата, се поттикнува користењето на **училишната опрема** (компјутери, таблети, интерактивни табли) според насоките од наставникот. Ова обезбедува еднакви можности за сите ученици.

- ✓ **Користење на асистивни уреди**

Учениците со **посебни образовни потреби** кои користат **асистивни уреди** (на пр. комуникациски помагала) имаат право на нивна употреба во согласност со родителите и стручниот тим. Овие уреди се поддржани и добредојдени во наставниот процес.

- ✓ **Почитување на приватноста – снимање и фотографирање**

Почитувањето на приватноста е основен принцип. Учениците се учат дека **не е дозволено снимање или фотографирање на наставници или соученици без нивна јасна согласност**. Се разговара за етичките аспекти и за тоа како би се чувствувале кога некој би ги снимал без дозвола.

- ✓ **Споделување успеси – објавување фотографии**

Училиштето сака да ги споделува убавите моменти (приредби, проекти, натпревари) со јавноста, но тоа се прави **одговорно**. Фотографии и видеа се

објавуваат **само на официјалните канали на училиштето** (веб-страница, социјални мрежи) и **секогаш со претходна согласност од родителите**.

- ✓ **Безбедно сурфање – користење на училишниот интернет**

Кога учениците го користат **училишниот интернет**, се насочуваат кон **образовни содржини**. Се препорачува да се избегнува играње видео-игри, пристап до социјални мрежи или преземање содржини што не се поврзани со наставата.

- ✓ **Пауза од екраните**

За да се зачува здравјето на учениците, наставниците треба да внимаваат **да не се поминуваат предолги периоди пред екраните**. Кратки паузи се препорачливи за одмор на очите и подобрување на концентрацијата.

- ✓ **Професионална комуникација**

Официјалната комуникација меѓу наставниците и родителите треба да се одвива преку **воспоставените канали** (е-дневник, службен e-mail). Користењето на приватни чет групи (Viber, WhatsApp) е **приватна иницијатива** и нема службен или официјален карактер. Наставниците се охрабруваат **да не комуницираат со учениците преку приватни профили на социјалните мрежи**.

## Како реагираме кога ќе се појави проблем во дигиталната средина?

Пристапот кон решавање на предизвиците кои се појавуваат при користењето на дигитални уреди, алатки или апликации во училницата треба да се темели на едукација. Со ваков пристап, најважно е учениците да сфатат зошто одредени постапки не се соодветни, наместо само да чувствуваат страв од последици. Училиштето, заедно со родителите и заедницата, настојува да изгради атмосфера во која дисциплината произлегува од разбирање и заемна почит. Во ова смисла, како проблем во дигитална средина ја сметаме секоја појава што го оневозможува, нарушува или негативно влијае врз образовниот процес преку користење на дигитални алатки.

Што значи ова на дело? Да земеме една вообичаена ситуација, кога ученик користи уред на час и го попречува текот на наставата. Ако ученикот користи дигитален уред спротивно на однапред договорените правила (на пример, наместо за наставната активност, ученикот игра игри за време на часот), наставникот љубезно ќе го замоли ученикот да го остави уредот настрана, на безбедно место, до крајот на часот или наставата. Потоа, по завршувањето на часот, уредот му се враќа на ученикот (или се предава на родителот), проследено со пријателски разговор. Во тој разговор, наставникот му објаснува на ученикот зошто е важен фокусот за време на наставата и како одвлекувањето на вниманието влијае врз неговото учење. На овој начин ученикот разбира каде погрешил и што треба да промени, без притоа да се чувствува посрамотено пред соучениците.

При помали несогласувања, на пример, ако ученикот накратко го прекрши класното правило или покаже непочитување, најчесто е доволен еден краток разговор помеѓу наставникот и ученикот. Целта на овој разговор е да се увери ученикот дека разбира зошто таквото однесување не е соодветно за време на настава.

Во случаи на посериозни ситуации, како што се снимање во училницата или пак случај на сајбер-насилство меѓу ученици, пристапуваме многу внимателно и темелно. Тогаш се организира разговор со ученикот во присуство на родителот (или старателот), при што по потреба се вклучува и стручната служба на училиштето (педагог или психолог). Овој разговор има за цел да му помогне на ученикот да ги согледа последиците од своите постапки врз себе и врз другите. Истовремено, се дава поддршка и на

ученикот и на семејството за надминување на проблемот, нагласувајќи дека безбедноста и доброто на сите ученици е заеднички приоритет.

Во сите овие околности, начинот како комуницираме е исто толку важен колку и самите мерки што ги преземаме. Начинот на кој наставниците им се обраќаат на учениците навистина може да направи разлика во нивното однесување. Затоа постојано се трудиме, наместо реакции со лутина, пристапот на наставникот да биде позитивен и едукативен. Наместо реактивно однесување само кога веќе се случил проблем, се обидуваме превентивно и трпеливо да ги подучуваме учениците. На пример, кога ќе се случи прекршување на правилата, наставникот разговара со спокоен тон, објаснувајќи зошто одредено однесување не е прифатливо. Ваквиот пристап им помага на учениците да стекнат разбирање и да покажат сопствена одговорност. Со текот на времето, ова води кон развивање на дисциплина и емпатија кај учениците, тие почнуваат самите да размислуваат за последиците од своите постапки врз другите.

Со овој пристап, создаваме средина во која учениците се чувствуваат безбедно да пристапат по помош и да побараат совет кога ќе згрешат, знаејќи дека ќе наидат на разбирање. Родителите се наши партнери во ова.

Преку отворена комуникација, тие се информирани за ваквите принципи и можат да ги поддржат овие насоки и дома. Кога наставници, родители и стручната служба делуваат заедно, учениците добиваат јасна порака дека сите сме на иста страна: страна на нивниот развој и благосостојба. На овој начин, ваквите моменти и ситуации се претвораат во животни лекции, а училиштето и домот заеднички им помагаат на младите да израснат во свесни и одговорни личности.

## Насоки за поддршка при дигитални инциденти

Во денешниот дигитален свет, децата и младите секојдневно користат интернет и технологија за учење и дружење. Тие стекнуваат големи придобивки од тие алатки, но, за жал, понекогаш може да се соочат и со вознемирувачки ситуации. Примери за вакви ситуации се сајбер-насилство (онлајн булинг) или случајно изложување на содржина што не одговара на возраста на ученикот. Кога ќе се случи ваков инцидент, важно е сите ученици, наставници и родители  да реагираат смирено, брзо и организирано.

Затоа, препорачуваме во училиштето да се воспостави кратка постапка во неколку чекори, која ќе ја следиме при дигитални инциденти, за да обезбедиме поддршка и безбедност за сите засегнати.

**Пријавување на инцидентот.** Првиот чекор е неодложно пријавување на проблемот. Секој ученик, наставник или родител кој ќе забележи вознемирувачки дигитални содржини треба веднаш да го пријави на доверливо лице во училиштето. Тоа може да биде класниот раководител, координаторот за е-безбедност или училишниот психолог/педагог. Важно е никој да не остане сам со проблемот. Штом нешто ги загрижува учениците во дигиталниот свет, ги охрабруваме веднаш да побараат помош.

**Проценка од училишниот тим**. Откако ќе се пријави инцидентот, веднаш се формира училишен тим за проценка. Во овој тим обично се вклучени координаторот за е-безбедност, директорот и стручната служба (психолог/педагог). Тимот заедно темелно ја анализира ситуацијата, се разгледува што точно се случило, колку е сериозно и кои лица се вклучени – за да одреди кои ќе бидат најдобрите следни чекори. Ваквата проценка овозможува училиштето рационално и брзо да испланира соодветен одговор.

**Поддршка за ученикот жртва.** Наш најголем приоритет е ученикот кој бил вознемирен или повреден од инцидентот. Со него веднаш по пријавувањето разговара наставник или психолог, на смирен и поддржувачки начин. Целта е ученикот да се почувствува безбедно, да разбере дека не е виновен за тоа што се случило и дека сме тука за да му помогнеме. По потреба, училиштето ќе му понуди и дополнително советување или друга стручна помош, за ученикот побрзо да се опорави од непријатното искуство и повторно да се чувствува сигурно во училишната средина.

**Разговор со ученикот кој го предизвикал инцидентот.** Исто така, водиме грижлив и едукативен разговор со ученикот кој го предизвикал проблемот (на пример, ученикот кој споделил несоодветна содржина или навредил соученици на социјалните мрежи). Наставникот, координаторот за е-безбедност или психологот разговараат со ученикот со разбирање, но јасно ставаат до знаење кои се последиците од неговите постапки врз другите. Притоа се нагласува сочувството, односно способноста да се разберат чувствата на другиот ученик и му се објаснува зошто ваквото однесување е неприфатливо. Доколку е потребно, во разговорот се вклучуваат и родителите на овој ученик, за заедно да работиме на подобрување на неговото однесување во иднина. Целта не е казнување, туку ученикот да научи од грешката и да развие свест и сочувство кон другите.

**Документирање на случката.** Потоа, координаторот за е-безбедност води записник за инцидентот. Во оваа документација се наведува што точно се случило, кога и каде се случило, кои мерки се преземени и како е решена ситуацијата. Ова е важно за училиштето, бидејќи преку ваквите евиденции може да учиме од искуството и во иднина уште поефикасно да спречуваме или решаваме слични ситуации. Сите вакви записи се чуваат доверливо и се користат единствено за подобрување на процедурите и безбедноста во училиштето.

**Известување и следни чекори.** Како последен чекор, ги известуваме родителите на сите вклучени ученици за настанот и преземените мерки, и договараме наредни активности. Родителите на ученикот жртва добиваат информации и поддршка за нивното дете, а родителите на ученикот кој го предизвикал инцидентот се информирани за случката и за тоа како заеднички да му помогнеме на нивното дете во иднина да се однесува одговорно. Веруваме дека транспарентноста и отворената комуникација со семејствата се од голема важност, така сите засегнати страни се вклучени во решението и во понатамошната превенција. Доколку пак се работи за многу сериозен инцидент кој претставува и законски прекршок (на пр. сериозни закани или ширење незаконска содржина), училиштето ќе се консултира со надлежните институции (на пр. полиција). На тој начин се обезбедува целосна заштита на ученикот и се постапува согласно законските прописи.

Со вакви насоки и координиран пристап, училиштето осигурува дека секој дигитален инцидент ќе биде третиран на брз и одговорен начин. Учениците добиваат поддршка и заштита кога им е најпотребна, а преку овој процес учат и за правилното дигитално однесување. Истовремено, наставниците и родителите делуваат заеднички, што резултира со побезбедна и позитивна дигитална средина за сите наши деца.

**Важно е да запомниме:** Ниту еден ученик не треба да се чувствува осамен или беспомошен кога се соочува со дигитален инцидент. Училиштето, наставниците и родителите се партнери во одржувањето на безбедна и позитивна средина за учење. Со смирена реакција, блиска соработка и меѓусебна поддршка, можеме ефективно да се справиме со предизвиците на дигиталниот свет и да научиме нешто вредно од секое искуство.

## Улогата на наставничкиот кадар во обезбедувањето на дигитална безбедност

Наставниците и стручните соработници (психолог, педагог) имаат клучна улога во создавањето безбедна и поддржувачка дигитална средина за учениците. Нивните одговорности се повеќеслојни:

- **Континуирана едукација и информираност.** Наставниците постојано се информираат за новитетите поврзани со безбедноста при користење дигитални технологии. Тие треба добро да го познаваат Водичот за е-безбедност. Ова значи редовно присуство на обуките што ги организира училиштето, читање на препорачаните материјали и следење на упатствата од координаторот или надворешни експерти.
- **Интеграција на е-безбедноста во наставата.** Наставниците се охрабруваат да ги вклучуваат темите за безбедно, одговорно и етичко користење на ИКТ во рамките на своите предмети, кога е соодветно. На пример, на час по Граѓанско образование може да се дискутира за дигитално граѓанство и почит во онлајн комуникацијата, на часови по информатика да се дискутира за препознавање на лажни вести или сомнителна електронска пошта, на одделенски час - разговор за сајбер-насилство и како се решава конфликт започнат онлајн. Така, учениците преку различни предмети ќе стекнат **знаења и препознавање за дигиталните ризици** и како да се справуваат со нив.
- **Поддршка на учениците во примената на правилата.** Наставниците имаат улога на ментори во однос на користењето на технологија. Тие треба **да им објаснат на учениците** зошто на пример не смеат да користат телефон на час, а тоа е затоа што го одвлекува вниманието и не може да се следи наставата. Преку позитивен пристап, треба да ги поттикнат учениците да ги разберат и доброволно да ги почитуваат правилата. Ако забележат дека некој ученик има тешкотии да се придржува (на пр. постојано игра игри на телефон), наставникот може да разговара насамо со ученикот и/или родителот за да најдат решение (мотивација, советување и сл.).
- **Разговори за етика во дигиталниот простор.** Дел од воспитната улога на училиштето е да разговара со учениците за можните последици од несоодветното однесување во дигиталниот простор. Наставниците треба повремено да посветат време (на одделенски час на пример ) за дискусија со учениците: Што се случува ако навредиш некого онлајн? Што ако споделиш туѓа фотографија без дозвола? Како

би се чувствувал ти во таква ситуација? Целта е **да се развие емпатија и критичко размислување** кај младите интернет-корисници.

- **Професионална комуникација со ученици и родители.** Како што е нагласено, наставниците треба да комуницираат со учениците и родителите преку професионални, официјални канали. Ова не е само прашање на протокол, туку и безбедност, на пр. ако наставник користи приватен профил за комуникација со ученици, се губи професионалната дистанца и може да дојде до мешање на приватното и работното, што не е пожелно.
- **Заштита на приватност и податоци.** Наставниците се запознати со правилата за приватност, односно сè што ќе дознаат за ученикот преку дигиталните канали мора да го третираат доверливо. Не смеат да споделуваат чувствителни информации за ученик со други ученици или неовластени лица. Ако, на пример, наставникот добие e-mail од родител со лични информации за ученикот, тој e-mail не смее да го препраќа или коментира со колеги освен со директно вклучените (на пр. со педагогот, ако е релевантно). Наставникот исто така мора да осигура дека **податоците што ги чува се заштитени,** односно не остава отворен електронски дневник проектиран на табла, не остава своја отворена е-пошта достапна за учениците и слично.
- **Навремено пријавување на инциденти.** Според препораките погоре, наставникот што ќе забележи неправилно однесување или инцидент на социјалните мрежи, треба **веднаш да пријави**. Подобро е да се пријави и сомнеж, отколку да се премолчи нешто што може подоцна да ескалира. Наставниците не треба самите да „истражуваат“ или да интервенираат без знаење на директорот, кој по пријава, треба да се погрижи за решение со стручен тим. Ова ги штити и наставниците од можни обвинувања дека постапиле погрешно и на своја рака.
- **Барање помош и тимски пристап.** Ако проблемот е сериозен или сложен, наставникот не треба да се справува сам, туку **бара помош**. На пример, ако наставникот не знае како технички да реши некој проблем, ќе го контактира веб-администраторот, ако пак смета дека ученикот ќе има психолошки последици, ќе го вклучи психологот. Ако е неопходно, може да се повикаат родителите, ќе закаже состанок со нив заедно со педагогот или директорот.
- **Личен пример и дигитална култура.** Важно е наставниците и целиот персонал **преку сопствен пример** да покажуваат правилно однесување. На пример, наставникот не смее самиот да користи телефон за приватни цели на час, или да објавува слики од ученици на

свој приватен профил. Културата што ја демонстрираат наставниците, пријателски тон во електронска комуникација, воздржано и професионално онлајн-однесување без говор на омраза или предрасуди е она што учениците ќе го следат. Затоа, од наставниците се очекува **активно да ги применуваат принципите на овој водич** и во своето онлајн однесување поврзано со работата.

## Информирање и соработка со пошироката училишна заедница

Препораките и содржината наведени во овој Водич ќе бидат ефикасни само ако сите се запознаени со нив. Водичот за е-безбедност е потребно да биде **презентиран и споделен со целата училишна заедница**.

- На почетокот на секоја учебна година, на првиот наставнички совет водичот ќе се разгледа, за наставниците да се запознаат, а постојните да се потсетат на содржината.
- Класните раководители ќе ги информираат учениците во своите одделенија за клучните препораки и однесувања, на начин прилагоден на возраста (детално за повисоките одделенија, а поедноставно за најмалите). Особено, учениците од VI-IX одделение ќе добијат презентација за тоа што смеат, а што не е препорачливо да се објавува онлајн.
- На првиот родителски состанок во годината, класниот раководител или педагогот ќе ги извести родителите за постоењето на овој Водич, ќе ги истакне главните правила и ќе ги упати каде можат да го прочитаат во целост.
- Целосната верзија на усвоениот Водич ќе биде објавена на веб-страницата на училиштето, достапна за секој родител и заинтересиран граѓанин. Исто така, еден примерок во печатена форма ќе стои во просториите на училиштето (на пр. во библиотеката или на огласна табла) за консултација по потреба.

## Информирање на учениците за е-безбедноста

За учениците полесно да ги разберат препораките и содржината, потребно е да ги разберат причините и контекстот. Затоа, покрај формалното претставување, ќе се преземат активности за **едукација на учениците**:

- Водичот ќе биде **прилагоден за учениците**. За помалите ученици (одделенијата до V) ќе се подготви едноставен плакат или флаер со илустрации, кој на разбирлив начин ги покажува најважните „што смее/што не смее“ правила (пример: „Не разговарај онлајн со непознати лица“, „Не споделувај лични информации на интернет“). Овој материјал може да биде изложен во училниците или ходниците.
- Во секоја училница каде што има компјутери или пристап до интернет, ќе се закачи лист со **потсетник за безбедно однесување онлајн**. На пример, до компјутерите ќе стои потсетник: „Размисли пред да споделиш“, „Ако нешто те вознемири на интернет – извести

наставник“, „Почитувај ги другите онлајн како што ги почитуваш во живо.“

- Во текот на годината, ќе се одржат **работилници и предавања** за учениците на разни теми: препознавање и реагирање на сајбер-насилство, **дигитално граѓанство** (како да се биде добар граѓанин и пријател и во дигиталниот свет), **приватност на интернет** (на пр. поставување приватност-подесувања на социјалните мрежи), **препознавање дезинформации** (како да се процени веродостојноста на онлајн вести), **опасности од прекумерно време пред екран** и слично. Овие активности можат да ги спроведат наставници (по информатика, граѓанско образование), педагогот/психологот или поканети гости (на пр. претставници од МВР – Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика, граѓански организации кои работат на безбедност на деца на интернет, итн.).
- Темите на **дигитална безбедност и онлајн однесување** е потребно да се спомнуваат почесто за време на редовната настава по предметите кои имаат допирни теми со е-безбедност. На пример, на одделенски час ќе се дискутира за одговорно однесување на интернет и како се решаваат конфликти кои започнале онлајн. Во предметот Информатика, дел од содржините ќе бидат посветени на заштита на лозинки, опасности од компјутерски вируси и сл. Во Граѓанско образование ќе се обработуваат концепти како дигитални права и одговорности.

## Мониторинг, евалуација и усогласување на Водичот

Најмалку еднаш годишно, раководството на училиштето заедно со координаторот за е-безбедност спроведува **преглед на спроведувањето на Водичот**. Ова може да вклучува: анализа на евидентираните инциденти во текот на годината и како тие биле решени, утврдување на трендови или нови ризици, како и оцена на ефикасноста на преземените мерки.

Дополнително, училиштето може да спроведе **анкети или консултации** со наставниците, родителите и самите ученици (на соодветен начин според возраста) за да добие повратни информации околу тоа дали правилата се јасни, дали доследно се применуваат, дали учениците се чувствуваат безбедно онлајн во училишниот амбиент, и што би се подобрило. Резултатите од оваа годишна евалуација се дискутираат на наставнички совет и на училишниот одбор, и врз основа на нив се предлагаат **измени или дополнувања** на мерките или на самиот водич, ако е потребно.

**Ажурирање на водичот.** Водичот за е-безбедност во основните училишта е документ кој се преиспитува и ажурира редовно за да остане применлив. Формално, на почетокот на секоја учебна година (или на крајот од тековната), директорот заедно со координаторот го разгледуваат документот. Ако постојат нови закани или технологии кои наметнуваат промени во правилата – на пр. појава на нови социјални мрежи кои ги користат учениците, нови препораки од Министерството или од Агенцијата за заштита на личните податоци, Водичот ќе се дополни или измени со соодветни одредби.

## ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ НА РОДИТЕЛ/СТАРАТЕЛ ЗА ФОТОГРАФИРАЊЕ И ВИДЕО СНИМАЊЕ

Јас, ________________________________________ (име и презиме на родител/старател), на ученикот __________________________________ (име на ученикот) кој посетува (______одделение, ____ паралелка) во ООУ _________________________________ во ________________________(општина),
во согласност со Законот за заштита на личните податоци*

**ДАВАМ СОГЛАСНОСТ**

За потребите на училиштето да фотографира, снима и/или да користи фотографии, видеа или други материјали кои го содржат ликот, името и гласот на ученикот, во рамки на воспитно-образовни и забавни активности, за документациски, образовни и информативни цели.

Овие фотографии/видеа може да бидат изложени во просториите на училиштето или користени во училишни документи. Материјалите ќе се користат **исклучиво за документација внатре во училиштето и/или за приредби и настани организирани од училиштето** (на пр. училишни приредби, завршна приредба).

Следствено, снимките или фотографиите направени од поединечни родители (или нарачани од Училишниот одбор на родители) на училишни приредби **не се под надзор на училиштето и не потпаѓаат под одговорност на училиштето**.

**Напомена:** Снимањето или фотографирањето на сопствените деца од страна на родителите е за **лични цели и приватна употреба**, оттука истото е легитимно.

Оваа согласност важи од денот на потпишување и може да биде повлечена во секое време со писмено известување.

**Име и презиме на родител/старател** ____________________

**Краток потпис** ____________________

**Датум и место** ______________________

***Забелешка:** Оваа изјава е во согласност со **Законот за заштита на личните податоци** („Службен весник на РСМ“, бр. 42/20 и 294/21), кој ги регулира правата на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци. Училиштето се обврзува да ги почитува сите законски обврски поврзани со приватноста и безбедноста на податоците.

MKSafeNet

IDEI
Institute for Digitalization
Economy and Innovation

Република Северна Македонија
Министерство за
дигитална трансформација

Co-funded by
the European Union

Поддршката на Европската комисија за изработка на оваа публикација не претставува одобрување на содржината која ги одразува само ставовите на авторите, при што Европската комисија не сноси одговорност за каква било можна употреба на информациите содржани во самата публикација.